# Стратегија

Потребите за електрична енергија во Република Македонија постојано растат. Развојната стратегија на АД ТЕЦ Неготино му дава приоритет на изнаоѓање на начини за пренамена на ТЕЦ Неготино кон поефтино производство и дополнителни производствените капацитети од обновлива енергија, особено на производството на електрична енергија од сонце и од вода.

ТЕЦ Неготино во своите развојни програми има планирано повеќе инфраструктури проекти. Еден од нив е фотоволтаична електрична централа на слободните површини во ТЕЦ Неготино, додека браната на р.Вардар може да се искористи за изградба на мини хидроелектрана.

Развојните планови на АД ТЕЦ Неготино се насочени кон имплементација на најдобрите практики и стратегии за привлекување инвеститори, како и развивање и имплементирање на практики за промоција на одржливиот развој и заштитата на животната средина. Во развојните планови на компанијата приоритетна е изградбата на нови објекти, но и ревитализација и модернизација на постојниот капацитет. АД ТЕЦ Неготино спроведува амбициозна програма што има цел да го потенцира и да го промовира економскиот развој на целокупното стопанство во општина Неготино.